

Повторно Македонија се збогати со уште една ултралајт моторна едрилица, но овој пат дојде од Словенија. Овој воздухоплов е нешто помеѓу авионче и едрилица со одлични перформаси и потрошувачка на гориво.

На 11 Февруари 2008 година на аеродромот Александар Велики во Скопје кога слета овој воздухоплов за првпат во Македонија аероклубот Скопје приреди спектакуларен дочек со полетување и слетување на Спортскиот аеродром “Скопје”- Стенковец на овој воздухоплов со уште три други авиончиња. Во парови се полета од Александар Велики и се слета на аеродромот Стенковец. Овој воздухоплов е од типот
Pipistrel Sinus
и е важен во историјата на македонското воздухопловство како прв ултралесен авион со македонска регистарска ознака
Z3-UA001
. Овој воздухоплов е висококрилец со распон на крилата од 14,97 метри. Има мотор
Rotax 912
со 80 коњски сили. Има финеса 18 и крстаречка брзина од 200 километри на час со потрошувачка помалку од 10 литри. Овој воздухоплов е врвот од овој тип на воздухоплови во светот. Има дигитална инструмент табла,
EFIS, GPS 296
и најинтересно е тоа што е опремен со автоматски пилот кој е синхронизиран со
GPS
-от. Овој воздухоплов е вистинско уживање да се лета во него. Како бешумно да продира низ воздухот се до слетувањето. Сместен е во хангарот на Спортскиот аеродром
“
Скопје
”

– Стенковец и кој е заинтересиран може да дојде и да го види.




OK-FUD 21
PIPISTREL
UL MOTORGLIDER



Фото и текст: Никола Давидов